# НАСТАВНА ПРОГРАМА

## *СЛОБОДЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ*



# ВЕШТИНИ ЗА ЖИВЕЕЊЕ

ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ

**Мавови Анови, 2025**

# Наставна програма: Слободен изборен предмет- Вештини за Живеење за VII одд.

## ООУ „Денче Дејаноски”- Маврови Анови

### Наставник: Јелена Змејкоска

### ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕДМЕТОТ

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет :** | Вештини за Живеење (Подрачје за поддршка на интересите на ученици кои не се дел од наставните програми) |
| **Вид/категорија на наставен предмет:** | Изборен |
| **Одделение:** | VII ( седмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма:** | Исхрана / 13 часа<br>Облекување / 7 часа<br>Безбедност, заштита и прва помош/ 6 часа<br>Ученикот како потрошувач / 10 часа |
| **Број на часови:** | 36/ 2 часа неделно |
| **Изготвил/адаптирал/преземено од:** | Изготвено од наставник: Јелена Змејкоска ООУ„Денче Дејаноски“-М.Анови |
| **Опрема и средства:** | ➢ Закон за заштита и спасување и Закон за заштита на потрошувачите ;<br>➢ Енциклопедии, речници, атласи, карти и сл.<br>➢ Компјутер и интернет;<br>➢ Проектор;<br>➢ Аудио-визуелни средства и други средства соодветни на предметот;<br>➢ Училница, табла, креди, хамер, маркери во боја, текстилни материјали, фотографии соодветни со содржината;<br>➢ Основен прибор за јадење;<br>➢ Прехрамбени продукти за здрави оброци; |

| | |
|---|---|
| | ➢ Различни видови текстилни материјали;<br>➢ Кутија на прва помош со стандардни средства за прва помош;<br>➢ Прирачник од Еко-училиште;<br>➢ Прирачник „Зелен Пакет“<br>➢ Прирачник„Kirsten Craft Book“, Прирачник„ Addy Craft Book“, Прирачник „Felicity Craft Book“;<br>➢ Прирачник за правата на потрошувачите по предметот Вештини за живеење;<br>➢ Стари фискални сметки;<br>➢ Прирачник за образование за животни вештини. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следното подрачје од Националните стандарди : **Личен и социјален развој**

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| V-А.1 | да разликува здрав од ризичен животен стил кога се работи за сите сфери на живеење (вклучително навики во исхраната, спортски и рекреативни активности); |
| V-А.2 | да избира и практикува активности кои обезбедуваат развој и подобрување на сопственото ментално и физичко здравје и добросостојба; |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-А.20 | критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми; |
| V-А.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојбата во најголема мера зависат од трудот кој  самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |

| | |
|---|---|
| **V-Б.6** | успехот во животот во голема мера зависи од целите кои ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |
| **V-Б.7** | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| **V-Б.9** | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| **V-Б.10** | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |

Наставната програма вклучува релевантни компетенции и од следното подрачје на Националните стандарди: **Општество и демократска култура**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| **VI-А.2** | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| **VI-А.3** | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| **VI-А.10** | да се заштити себеси и другите во кризни ситуации и при елементарни непогоди; |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| **VI-Б.1** | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.); |
| **VI-Б.8** | секој граѓанин е должен да ги почитува законите, правилата и прописите кои го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите; |
| **VI-Б.9** | секој граѓанин треба да преземе одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот; |

Наставната програма вклучува релевантни компетенции и од следното подрачје на Националните стандарди: *Техника, технологија и претприемништво*

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| **VII-А.4** | да генерира идеи и осмислува активности кои водат до продукти и/или услуги; |
| **VII-А.5** | да иницира едноставни проекти со културна, општествена или комерцијална вредност, да ја испланира нивната реализација, земајќи ги предвид потребните ресурси и можните ризици и да напише извештај за реализацијата; |

| | |
|---|---|
| VII-А.6 | да развие план за изработка на некој продукт со употребна вредност, да го изработи продуктот, користејќи соодветни материјали, алатки и постапки и да ја провери неговата функционалност; |
| VII-А.7 | да определи цена на продуктите, вклучувајќи ги заработката, трошоците и давачките; |
| VII-А.8 | да осмисли и спроведе рекламна кампања за определен продукт, користејќи лого, слоган, презентација, интернет-страница и сл.; |
| VII-А.12 | да ги објасни поимите штедење и позајмување и да прави разлика меѓу штедење на краток и долг рок; |
| VII-А.13 | да планира рационално и економично да ги распределува и/или троши парите со кои располага. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| VII-Б.2 | успешните идеи кои водат кон лични, социјални и финансиски придобивки се резултат на креативност, иницијативност, посветеност и истрајност; |
| VII-Б.3 | иницијативата е битен услов за внесување промени во личниот живот и животот во заедницата, а успешноста на промените е поврзана со соочување со предизвици и/или преземање ризик; |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Тема 1. ИСХРАНА**

***Знаења/вештини:***

- Умее да се вклучи активно во секојдневните проблеми и ситуации во домот, училиштето и околината преку осмислени постапки и активности;
- Знае правила за избор, одржување и чување на храната;
- Прави разлика меѓу здравиот начин на исхрана и нездравиот начин на исхрана;
- Има познавања за компјутерски алатки, пребарување информации на интернет и сл.

***Ставови/вредности:***

- Почитува дека секој поединец може на различен начин да го даде својот придонес во менувањето на односот кон животната средина;
- Да има позитивен став за здравиот начин на исхрана;
- Разбира дека храната и начинот на исхрана не значат само задоволување на нутритивните и енергетските потреби туку и задоволување и на социјалните потреби за контакт и дружење

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|
| • Содржина: **ОСНОВНИ КУЛИНАРСКИ ВЕШТИНИ И ПРИБОР**<br>• (прибор за јадење, складирање, конзервирање, пакување, манири, кулинарски вештини: лупење, сецкање, матење и месење)<br><br>број на часови:1 | • Учениците на интернет по претходно дадени насоки пребаруваат на линкот www.vestinizaziveenje.yolasite.com ( Учениците го разгледуваат приборот за јадење, редоследот и позицијата на поставување на приборот според содржината на оброкот). Потоа преку наставниот лист чисто да се потсетиме на некои манири, одговараат на поставените прашања во кои на зададени јадења тие треба да одговорат по кој прибор се јаде. Одговорите ги проверуваат на интернет. При крај на часот, учениците по претходно добиен прибор симулираат ресторан каде правилно го поставуваат приборот за различни јадења. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **ДЕКОРИРАЊЕ НА ХРАНА**<br><br>• Декорација (аматерска и професионална)<br><br>број на часови:2 | • Се демонстрираат на интернет фотографии кои содржат различни декорации за различни пригоди.<br>Учениците на интернет на Google-images- пребаруваат фотографии со различни декорации за различни пригоди, ги зачувуваат на компјутер и следува презентација на пронајдените декорации и нивна анализа ( што гледаат на масата и на кој начин е направена декорацијата и сл.)<br><br>------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------<br><br>• Учениците ја спремаат училницата за индивидуална работа. Од ресурсите кои ги имаат како: парчиња овошје, картончиња, боички, украсни материјалчиња и сл. изработуваат кошничка со парчиња овошје. Додека трае активноста, се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истата.<br>Учениците го поставуваат завршените творби на видно место во нивната училница. |
| • Содржина: **РЕЦЕПТИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ХРАНА**<br><br>• (рецепт, состојки /елементи на рецептот)<br><br>број на часови:2 | • Учениците имаат задача да изработат тетратка со рецепти од нивните омилени јадења и пијалаци со помош на материјалите со кои располагаат. Додека трае активноста се разбира дека се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истата.<br><br>• Учениците преку компјутер и интернет пронаоѓаат рецепти од солено јадење, благо јадење (десерт), пијалак (милк шејк, компоти и сл.). Воедно со рецептите пронаоѓаат и фотографии за пронајдените рецепти и ги зачувуваат на нивниот компјутер. Од претходно донесени едноставни продукти за сезонска салата прават салата која може да се подготви во училиште. Продуктите најпрвин се мијат и започнуваат со процес на подготовка(лупење, сечкање на зеленчук). Исечканите парчиња ги ставаат во сад и според рецептот ги додаваат останатите состојки за подготовка. Подготвената салата ја декорираат, сервираат и дегустираат. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **ИЗРАБОТКА НА „ГОТВАЧ“ СО ТРАДИЦИОНАЛНИ ЈАДЕЊА**<br>• (традиција, традиционална храна, култура на јадење од различни региони)<br><br>број на часови: 2 | • Се прикажуваат обичаи, носии, јадења на кои се препознава традицијата. Се чита интересен извадок за познатото француско сирење „бри“ и традиционалниот начин на подготовка (се укажува на тоа колку е значајна традицијата и нејзиното зачувување). Следува главната активност каде учениците заеднички во групна работа, изготвуваат еден готвач во одделението со традиционални јадења од нивниот регион. Се следи и насочува нивната активност доколку учениците се соочуваат со потешкотии.<br>------------------------------------------------------------<br>• Од претходно донесени едноставни продукти за подготовка на едноставно јадење кое може да се подготви во училиште, учениците го прават (карактеристично за нивниот регион и сл.) Учениците претходно ги мијат потребните продукти и го подготвуваат. Откако ќе завршат со подготовка декорираат, сервираат и дегустираат. |
| • Содржина: **КУЛТУРА НА ЈАДЕЊЕ ВО РАЗЛИЧНИ ЗЕМЈИ**<br>• (разлика на јадења во различни култури, Бонтон однесување, најпопуларната храна во светот-леб)<br><br>број на часови: 3 | • Учениците пребаруваат на интернет интересни податоци за одредени земји за начинот на исхрана (нивната култура на јадење) и на хамер со помош на добиените информации и фотографии што ги имаат, изработуваат заеднички постер *„Културата на јадење во различни земји“*. Додека трае активноста се следи и насочува работата на учениците, доколку имаат потешкотии со истата. Учениците завршуваат со постерот и го прикачуваат на видно место. Тие избираат гласноговорник и нивниот постер го презентира пред соучениците.<br>------------------------------------------------------------<br>• Се прикажуваат фотографии со различна култура на јадење во различни земји. Се става акцент на лебот како најпопуларен вид на храна. Се води разговор со учениците за нивните прехрамбени навики. Се разговара за каков вид леб најмногу сакаат, каков леб јадат, каков вид леб би сакале да јадат и зошто, како се прави лебот и дали знаат за различни додатоци кои обично ги нема во традиционалниот леб (сончоглед, афион и сл.). Се чита извадок од прирачникот „Зелен пакет“ за најпопуларниот вид храна во светот, во секоја култура и на секој континент. Потоа се претставуваат двата текста „Само леб“ и „Пагадило“ од прирачникот. Потоа на учениците им се делат наставни листови со прашањата:<br>-Каква е улогата на брашното и лебот во нашиот живот?<br>-Колку често ги користиме? |

| | |
|---|---|
| | -Дали може да си го замислиме денот без леб, тестенини, колачи...?<br>Учениците читаат извадоци од прирачникот за „Уметноста на печење леб“, податоци за млекото и млечните производи.<br>--------------------------------------------------------------------------------<br>• Учениците изработуваат колаж на лист од блок преку дадените материјали: ориз, пченка, пченица, гриз. Додека трае нивната активност, се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истата. Потоа следува презентација на нивните изработки (секој ученик индивидуално ја презентира својата изработена творба). Творбите од учениците се поставуваат на видно место во нивната училница. |
| • Содржина: **СО ЗДРАВА ИСХРАНА ДО ЗДРАВ ОРГАНИЗАМ**<br>• (еколошки чиста храна, ГМО, макробиотика, вегетаријанска храна, веганска храна, здравје, еко-одговорности)<br><br>број на часови: 3 | • Учениците преку хеуристички разговор доаѓаат до тоа дека иако постојат разлики во исхраната сепак најважно е храната да биде здрава но и „еколошки чиста“. Следи кратко објаснување за здравата и еколошки чиста храна. Потоа се делат наставни ливчиња со поимите: **генетички модифицирани организми (ГМО), макробиотика, вегетаријанска** и **веганска храна.** Учениците ги искажуваат своите размислувања за овие поими (што означуваат). Се прикажува „Пирамидата на исхрана“. Потоа учениците на наставен лист ја цртаат пирамидата со сите елементи, ја бојат и запишуваат под листот **„Јас сум она што го јадам“.** Во оваа активност тие запишуваат кои прехрамбени производи ги јадат и пијат најмногу и во кое ниво припаѓаат. Потоа следи разговор за постоењето на **еко-продавници** (како тие изгледаат и нивната значајност).<br>--------------------------------------------------------------------------------<br>• Активност-учениците со претходен договор носат здрави прехрамбените производи (црн леб, намаз, моркови, краставица, марула и сл.) и од нив прават здрави сендвичи. Пред да почнат задолжително ги мијат продуктите самостојно лупат, сечкаат и декорираат. Додека трае нивната активност, се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истата. Следи презентација на еко-сендвичите и нивно дегустирање.<br>--------------------------------------------------------------------------------<br>• На учениците се делат наставни листови со кратка воведна вежба: „**Исхраната и навиките“**-Следува кратка презентација на ученичките одговори. Учениците пополнуваат мала анкета, и врз основа на добиените резултати ќе си увидат колку самите го практикуваат здравиот начин на исхрана. Следува кратко објаснување за здравата исхрана и болестите поврзани со истите. Потоа следува мало објаснување за постерот (начинот на изработка). Учениците заеднички ја подготвуваат училницата за изработката на нивниот постер. Учениците преку групната форма |

| | |
|---|---|
| | на работа го изготвуваат постерот со **„Здрава исхрана-здрав организам“** како и еко-одговорности до подобро здравје. Додека трае нивната активност, се следи и насочува нивната работа. Откако ќе завршат со постерот, следува презентација. |

| **Тема 2. ОБЛЕКУВАЊЕ** | |
|---|---|
| ***Знаења/вештини:*** | |
| • Ја разбира разликата меѓу материјалите (природни и вештачки), симболите на етикетите (што означуваат);<br>• Умее сам да избира облека и обувки кои одговараат на временските прилики и на нивните потреби;<br>• Умее сам да ја одржува облеката ;<br>• Умее ситни поправки на својата облека (зашива, шие со игла, крпи) ;<br>• Умее да изработи мартинка преку основна техника на плетење;<br>• Прави разлика меѓу различните стилови на облека (спортски, класичен, традиционален и сл.) | |
| ***Ставови/вредности:*** | |
| • Разбира дека правилното одржување на облеката го зачувува векот на траење на облеката;<br>• Прифаќа сопствен стил на облекување како и неговата важност;<br>• Има позитивен став кон стиловите на облекување во минатото;<br>• Смета дека обичаите се вредности кои треба да се негуваат;<br>• Прифаќа дека традиционалната облека е дел од културниот идентитет | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **ТЕКСТИЛНИ МАТЕРИЈАЛИ (ИЗРАБОТКА НА КОЛАЖ)**<br>• (текстил, природни текстилни влакна, вештачки тестилни влакна, облека)<br><br>број на часови: 1 | • Демонстрација на различни видови ткаенини за нивно распознавање;<br>• На интернет следува презентација на кратко видео за темата „Облекување“- делот за ткаенини http://vestinizaziveenje.yolasite.com/tem;<br>• Учениците добиваат инструкции за престојната активност „Колаж од различни материјали“. |
| • Содржина: **ПРАВИЛА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЛЕКА**<br>• (етикета, симболи за одржување на облека)<br><br>број на часови: 1 | • Се води хеуристички разговор за тоа како учениците се грижат за нивната облека. Се прикажува на интернет одржување на облека и сл. Објаснување и демонстрирање на симболите од етикетите на облеката (укажување на процесот на третирање и одржување на облеката). Учениците изработуваат постер со Правила (совети) за правилно одржување на облека. |
| • Содржина: **ТЕХНИКИ НА ПЛЕТЕЊЕ**<br>• (обичај, волница, плетење, симболи-мартинка)<br><br>број на часови: 2 | Работилница- **ПЛЕТКА СО ТРИ ВРВКИ-алка**<br>• Кусо објаснување за плетењето и техниките на плетење (различните техники кои постојат), а во меѓувреме се разгледуваат преку интернет фотографии со најразлични плетки за учениците да добијат појасна претстава за нив и убавината на техниката на плетење (www.teteks.com.mk). Потоа следува кратко објаснување за плетење на плетенки со три врвки проследено со изработка на плетенка со три врвки. Учениците внимателно ја следат демонстрацијата на плетење плетенки со три врвки. Учениците самостојно изработуваат алка со три врвки (со различни видови волница).<br><br>------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------<br>Работилница-**ИЗРАБОТКА НА ВОЛНЕНА КУКЛА-МАРТИНКА**<br>• Се наговестува дека постојат и приказни преполни со обичаи од народот. Се читаат приказните за „Баба Марта и Дедо Сечко“, за бабите сестри-кавгаџики и за Богот Македон(приказните се измислени од народот за месецот март и се надоврзува на изработка на волнени кукли (мартинки), симболи на пролетта- како традиционален македонски обичај. Учениците на интернет разгледуваат фотографии кои содржат куклички-мартинки. Потоа |

| | |
|---|---|
| | учениците ја разгледуваат книгата од *Kirsteen Craft Book* (делот за изработка на волнена кукла). Се објаснува начинот на кој ќе се изведува практичната работа. Со помош на материјалите со кои располагаат учениците се демонстрира изработка на волнена кукла-мартинка додека учениците внимателно слушаат и ја гледаат изработката. Откако ќе се изработи мартинката, учениците изработуваат нова мартинка по сопствен избор на волница. |
| • Содржина: **ШИЕЊЕ НА КОПЧЕ**<br>• (рачна изработка, машинска изработка на облека, шиење)<br>број на часови:1 | • Со учениците се разговара за рачна и машинска изработка на облека. Учениците на интернет пребаруваат изработки на линкот**(**www.vestinizaziveenje.yolasite.com и го разгледуваат делот што е прикажан во дадената статија **„Што можам самиот/самата да направам?“** . Учениците разгледуваат на интернет изработки со помош на копчиња. На учениците детално и практично се демонстрира едноставната вештина на шиење копче која е потребна во секојдневниот живот. Учениците се подготвуваат за активноста што претстои. Потоа учениците шијат копче на парче материјал. |
| • Содржина: **СТИЛ НА ОБЛЕКУВАЊЕ**<br>• (личен стил, мода, тренд, дизајнер)<br>број на часови: 2 | Работилница: **ЛИЧЕН СТИЛ**<br>• Се дискутира со учениците за стиловите на облекување, модата и трендовите. На интернет пребаруваат информаации за стилови на облекување во минатото и денес. Се демонстрираат различни стилови на облекување. Активност: учениците изработуваат сопствен стил на облекување преку фотографии, цртежи, белешки како и делови од облеката во нивниот плакар.<br>------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------<br>Работилница: **СТИЛОВИ НА ОБЛЕКУВАЊЕ (минатото и денес)**<br>• Се разговара за различните стилови на облекување кои ги поседуваат луѓето и истите треба да се почитуваат, препознавање на други лица врз основа на облекување, за традиционалниот стил на облекување, за почитувањето на различните стилови на облекување, за униформираноста помеѓу тинејџерите (за/против). Се разгледуваат традиционални и современи начини на изработка. Тие рагледуваат стил на облека во минатото и денес, потоа гледаат кусо видео со кратка ретроспектива од минатото и линкови од наши модни дизајнери**.** Учениците изработуваат мултимедијална презентација преку слајдови за *Стилови на облекување во минатото и денес.* Се следи нивната работа и следува презентација. |

**Тема 3.  БЕЗБЕДНОСТ, ЗАШТИТА И ПРВА ПОМОШ**

***Знаења/вештини:***

- Умее да се вклучи активно во секојдневните проблеми и ситуации во домот, училиштето и околината преку осмислени постапки и активности;
- Може да ги идентификува изворите на опасност и елементарните непогоди;
- Умее да се снаоѓа во ситуации кои ја загрозува  безбедноста како и да умее да постапува според правилата на безбедност во училиштето и надвор од него;
- Може да идентификува ситуација на повреда како и да реагира соодветно;
- Има познавања за компјутерски алатки, пребарување информации на интернет и сл.

***Ставови/вредности:***

- Почитува дека секој поединец може на различен начин да го даде својот придонес во менувањето на односот кон животната средина;
- Подготвен е за процедури за избегнување  на опасните ситуации во околината;
- Ја почитува  грижата за другите како и одговорноста кон општеството и животната средина.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
| --- | --- |
| • Содржина: **ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ**<br><br>• (природни непогоди,<br><br>извори на загрозување,<br><br>ризици)<br><br>број на часови 1 | • Се запишуваат индивидуално сите извори на загозување во училиште, дома и во околината. Учениците на интернет пребаруваат фотографии со изворите на загрозување: **Природни непогоди, Техничко-технолошки несреќи и конфлктни дејствија.** Учениците зачувуваат фотографии со овие извори на загрозување и ги зачувуваат во компјутерот.  Како главна активност, учениците на интернет пребаруваат фотографии за катастрофалниот земјотрес во Скопје за да ги согледаат последиците од истиот. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **ПОСТАПКИ ЗА ВРЕМЕ НА ЗЕМЈОТРЕС**<br>• (земјотрес, трусни подрачја, последици, План за заштита, евакуација)<br><br>број на часови: 1 | • Хеуристички разговор со учениците за тоа како се постапува за време на земјотрес. Се прикажуваат видеа со постапки за време на земјотрес. Следува симулација- земјотрес и учениците постапуваат според „Планот за заштита на училиштето за време на земјотрес“ (учениците симулираат кризна ситуација и ги вежбаат постапките за заштита и безбедност, се разбира правилно и без паника односно дисциплинирано напуштање на објектот според планот за движење) |
| • Содржина: **ПОЖАРИ**<br><br>• (шумски пожари, урбани пожари, причини, последици, постапки во момент на пожар)<br><br>број на часови: 2 | • Се чита и од прирачникот за самозаштита и заштита во случај на катастрофа особено за деловите од РСМ кои најмногу се зафатени од урбаните пожари. Учениците преку фотографии прават фотоприказна за успешно гаснење на пожар. Активност: учениците изготвуваат постер со заштита и постапки во случај на пожар во нашето училиште. Изготвениот постер се изложува во училишниот ходник.<br>____________________<br>• Учениците изготвуваат флаери со заштита и постапки во момент на пожар во нашето училиште. Додека трае активноста се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истата. Учениците ги презентираат подготвените флаери и следува договарање со учениците за начинот на кој ќе ги поделат во нашето училиште и околината. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **ЛИСТА СО ВАЖНИ БРОЕВИ (повици за помош) ВО РСМ**<br><br>• (знаци за јавно тревожење, броеви за помош: Итна медицинска помош, Полиција, Пожарна служба, ЦУК)<br><br>број на часови:1 | • Учениците се запознаваат со знаците за тревожење кои важат за цела држава. Следува читање на „Уредбата за пропишување на знаците за тревожење“. Учениците ја разгледуваат „Уредбата“ и ја анализираат притоа поставувајќи одредени прашања кои ги интересира. На интернет се слушаат знаците за јавно тревожење. Потоа заеднички учениците изготвуваат список на ученици во паралелката кој треба да се чува на достапно место. Се запознаваат учениците со броевите за помош: Итна медицинска помош-194, Полиција-192, Пожарна служба-193, Центар за управување со кризи-195 како и единствениот европски број (Е-112) РСМ на кој може да се јават за време на опасност. Следува активност: учениците изработуваат постер со листа европскиот единствен број во РСМ. |
| • Содржина: **ПРВА ПОМОШ**<br>• (прва помош, Црвен Крст, кутија за прва помош (стандардни средства, приручни средства за помош)<br><br>број на часови: 1 | • Учениците се собираат во круг на столчиња и зборуваат за опасни ситуации дома и на училиште. Кусо објаснување за значењето на првата помош, зошто се дава, кој треба да ја даде како и демонстрација на стандардните и приручни средства на првата помош. Следува дискусија за примери и искуства од учениците за ситуации во кои има потреба од прва помош. Потоа со учениците преку насочена дискусија се разговара за огромното значење на првата помош. Следува кусо излагање за општата постапка при несреќа. Следува *работилница* (*симулација):* учениците вежбаат проценка на повредениот и постапка за повик за прва помош (повик на итна медицинска помош) преку процедура на прашања (Каде?Што?Колку?Какви повреди?Кој?). |

| **Тема 4. УЧЕНИКОТ КАКО ПОТРОШУВАЧ** | |
|---|---|
| ***Знаења/вештини:*** | |
| • Умее да се вклучи активно за решавање на секојдневните потрошувачки проблеми и ситуации;<br>• Ја разбира улогата на потрошувачот и корисникот;<br>• Знае како да ги чита симболите на одржување, рокот на траење;<br>• Разбира зошто да побара фискална сметка за секој купен производ;<br>• Умее да направи листа на трошоци од сопствениот буџет според потреби и приоритети. | |
| ***Ставови/вредности:*** | |
| • Се почитува себеси како секојдневен потрошувач;<br>• Се залага за безбедност на производите;<br>• Осудува секаков вид фалсификувани производи како и нечесно пазарување. | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **ФИСКАЛНА СМЕТКА**<br><br>(фискална сметка,<br>Закон за Заштита на потрошувачите, права и обврски)<br><br>број на часови: 2 | • Драматизација: Двајца ученици (од кои едниот е потрошувач, а другиот продавач) водат дијалог во кој едниот враќа оштетен производ, а продавачот наоѓа безброј причини за да не го врати ( Во првата ситуација потрошувачот нема сметка, а во втората ситуација потрошувачот има сметка). Учениците ја следат драматизацијата и најпрвин самостојно ги запишуваат можните решенија (да се даде совет на потрошувачот), потоа идеите се споделуваат и се запишуваат на постер на табла. Се дискутира за тоа дека постојат ПРАВА и ОБВРСКИ на потрошувачот како и „Закон за заштита на потрошувачите на РСМ“. Следува повторно активност: Учениците се делат во две групи. Секоја група добива работен лист со два потрошувачки проблеми од секојдневниот живот. Групите го проучуваат проблемот и даваат можни решенија. Потоа ги презентира нивниот гласноговорник.<br>---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------<br><br>• Излагање за фискалните сметки и на учениците се делат материјали со основни податоци за фискална сметка. Следува активност 1- учениците пополнуваат табела со пет производи кои ги купиле изминатата недела и запишуваат податоци за давање/недавање на фискални сметки. Се следи и насочува нивната работа, доколку имаат потешкотии со истата. Потоа |

| | |
|---|---|
| | секој индивидуално ги истакнува своите одговори и следува анализирање на истите. Следува насочена дискусија за проблеми од ваков тип со кои се сретнале учениците:<br>-Доколку некој од нив има одреден пример, односно се сретнал со одредени проблеми поврзани со неиздавање или нечување на фискална сметка, ги наведува истите.<br>-Доколку не се јави ученик кој може да посочи пример. Се делат работни листови со активност 2**:** учениците читаат примери со ситуации и одговараат на поставените прашања дадени во работниот лист. Следува анализирање на одговорите. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **ДЕКЛАРАЦИЈА-ЛИЧНА КАРТА НА ПРОИЗВОДОТ**<br><br>• (Декларација, производ, потрошувачки поимник)<br><br>број на часови:2 | • Се запишуваат три поларитети на табла: *„Вистинска потреба / лажна потреба“, „Висок квалитет /слаб квалитет“, „ Висока цена / ниска цена“*. Учениците размислуваат, на кој начин бираат некој производ за нив кога треба да купат (облека, обувки, акцесоари и сл.) користејќи ги трите поларитети. Секој ученик индивидуално креира листа на 10 производи кои најмногу ги користат во своите семејства. По завршената задача, се читаат производите и се одговараат на поставените прашања:<br>-Што претставува поимот потрошувач?<br>-Што ни го привлекува вниманието кога пазариме?<br>-На што треба да се внимава при купување на одреден производ?<br>-Размисли за тоа како и каде ги трошите вашите пари кои ги добивате за џепарлак или некој ви ги подарил?<br>По завршената активност, се анализираат ученичките одговори.<br><br>-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------<br><br>• Учениците се делат во две групи. Едната група има за задача да осмисли и нацрта амбалажа за слатки прехрамбени производи (со декларациите), а другата група има задача да осмисли и нацрта амбалажа за солени прехрамбени производи (со декларации). Додека трае нивната активност, се следи и насочува нивната работа, доколку имаат потешкотии со истата. Секоја од групите си избира гласноговорник кој ќе ги презентира производите со нивните декларации. Следува презентација на ученичките цртежи. |

| | |
|---|---|
| • Содржина:**ПРОИЗВОДИ СО НЕДОСТАТОК**<br>• (производ со недостаток, измамничка продажба)<br>број на часови:1 | • Се делат неколку потрошувачки проблеми кои се поврзани со производи кои имаат недостаток. Задача на учениците е на истите да дадат можни решенија (нивни размислувања) и истите се запишуваат на постер или на табла. Потоа, врз основа на „Законот за правата на потрошувачите“ (Види во прирачникот „Вештини за Живеење“!... кај примерите се дадени членови од „Законот за потрошувачи“) се земаат во предвид потрошувачките проблеми со можните решенија, се прави осврт и решенија на проблемите и се запишуваат или на табла или на постер (Се прави ревизија на претходните решенија, кои биле дадени на почетокот и се дефинираат нови согласно „Законот за заштита на потрошувачите“). |
| • Содржина: **НЕЧЕСНО ПАЗАРУВАЊЕ**<br>• (реклама, производи и услуги, расудување, донесување заклучок)<br>број на часови:1 | • Се делат на учениците наставни листови со разгледување на реклама на Youtube за Кока кола и правење на анализа во однос на: Желбата и потребата, јазикот и клучна порака, звуците, луѓето, целната група, дали е реалност или не. Се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истата. Следува презентација на ученичките одговори и се поведува заедничка дискусија. |
| • Содржина: **Етикети и рекламирање-Зелен пакет-Икт**<br>• (реклама, пазар,амбалажа)<br>број на часови: 2 | • Игра „Замислено патување“ каде учениците се водат од нивната фантазија или замисла. Децата седат во круг во своите столчиња, замижуваат и ги следат инструкциите (супермаркет и упатување до рафтовите каде се наоѓаат нивните омилени производи. Пазарат и кошницата се полни. Учениците замислено се враќаат во училница. Ги отвараат очите). Учениците размислуваат и запишуваат на наставни листови: *1. Како се чувствувавте? 2. Каде се упативте? 3. Што си избравте од мноштвото производи?.* На учениците им се прикажуваат амбалажи со реклами од производи од списанија и весници и учениците имаат задача да направат анализа на самата реклама на амбалажата**.**<br>------------------------------------------------------------<br>• Учениците на етикетите што им се на располагање ги бараат знаците и информациите кои се однесуваат на заштита на животната седина. Ученици доброволно ги цртаат на табла знаците кои се однесуваат на заштита на животната средина. Следува прикажување на дел од **еко-етикетите** и нивно објаснување. Потоа учениците индивидуално ги цртаат некои од нив со објаснување. Учениците употребуваат и интернет како дополнителна помош. Додека трае нивната активност, се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истите. По завршената активност, следува презентација на нивните изработки. |

| | |
|---|---|
| • Содржина: **БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕ**<br>• (елементи на производите, потрошувачки права)<br><br>број на часови: 1 | • Учениците добиваат наставни листови со „*Што е корисно да знам за играчките?*“. Текот на активноста се состои од прашања и мал квиз од Точно/Погрешно. Додека трае нивната активност, се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истите. По завршената активност, следува презентација на нивните одговори. Потоа се започнува со активност: учениците изработуваат амбалажа за детска играчка (по сопствен избор) со декларација (Лична карта на производот). Додека трае нивната активност, се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истите. По завршената активност, следува презентација на ученичките творби. |
| • Содржина: **ФАЛСИФИКУВАНИ ПРОИЗВОДИ**<br>• (фалсификувана и пиратска стока, ОПМ (Организација на потрошувачите на Македонија)<br><br>број на часови: 1 | • Учениците добиваат материјали за изработка на цртеж на производ со одредено лого на пр. **Тоблероне** и цртеж на фалсификуван производ со лого **Тоблер.** Изработените цртежи треба да бидат навидум исти, но сепак фалсификатот да се разликува од оригиналниот производ. Додека трае нивната активност, се следи и насочува нивната работа доколку имаат потешкотии со истите. |